Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 17.07.2021

На 16.07.2021 во 21.40 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје полициски службеници ги лишиле од слобода Е.К.Р.(23) и А.П.(23), од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и трговија во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по член 215 од Кривичниот законик. При претрес кај них, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тие се приведени и против них ќе следува соодветен поднесок.

На 16.07.2021 околу 23.30 часот полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција и САЕ „Тигар", на подрачјето на скопско Дебар Маало, пред угостителски објект ги лишиле од слобода Г.П.(34), Н.С.(35), двајцата од Скопје, бидејќи при прегледот извршен кај нив биле пронајдени и одземени две кеси со кокаин, намерени за продажба. Тие се приведени и по документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 16.07.2021 околу 23.30 часот на ул.„Боемска" во Скопје, од полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција и САЕ „Тигар" биле лишени од слобода С.Г.(25) од Скопје, кој управувал патничко возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, затоа што при прегледот кај него е пронајден кокаин. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (17.07.2021) околу 04.00 часот, од страна на полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи при ОВР Гостивар, на различни локации во Гостивар се лишени од слобода 7 лица. При прегледот извршен кај Н.Д.(30) од Гостивар била пронајдена хеса со кокаин, а Љ.В.(35), С.С.(36), Д.Ј.(36), Ж.Ц.(41), А.Б.(3), сите од Гостивар и Ф.И.(27) од с.Горна Бањица, гостиварско, поради постоење основано сомнение дека се инволвирани во „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по член 215 од Кривичниот законик. Сите се приведени во полициска станица и по документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 16.07.2021 во 21.30 часот од полициски службеници од СВР Тетово – ОВР Гостивар лишена е од слобода М.И.(27) од гостиварски Вруток, бидејќи при прегледот кај неа, на ул.„Гоце Делчев" во Гостивар, бил пронајден и одземен кокаин. Таа е приведена во полициска станица и по документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.07.2021 во 14.00 часот полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Кисела Вода - Отсек потрги на пат за с.Орман, скопско, го лишија од слобода К.Л.(29) од Скопје. По него била распишана централна потерница, врз основа на судска наредба од Основен суд - Скопје 1 за издржување на казна затвор за извршено кривично дело „тешка кражба" по чл.236 од Кривичниот законик. К.Л. е приведен во Полициска станица Горче Петров за понатамошна постапка по што ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 16.07.2021 во 03.32 часот било пријавено дека на патот Битола-Прилеп, пред Кукуречанска болница, патничко возило „опел", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.А.(40) од Прилеп, излетало од патот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот М.А.(32) од Битола се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Битола.

На 16.07.2021 околу 23.30 часот на ул.„Боемска" во Скопје, од полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција и САЕ „Тигар" биле лишени од слобода А.А.(24), Д.И.(20) и О.А.(23), сите од Скопје, кои се превезувале со патничко возило „БМВ", со скопски регистарски ознаки, бидејќи при прегледот биле пронајдени нож и дрвена палка. Лицата се приведени и предадени на Полициска станица Центар, по што ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 16.07.2021 во 23.00 часот во Полициската станица Чаир, Б.Ш.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Марко Крапе" бил каснат од куче скитник.

На 16.07.2021 во 12.15 часот во Полициската станица Аеродром, Ј.Ј.(39) од Скопје, пријавил дека на бул.„АСНОМ" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 17.07.2021 околу 01.00 часот од страна на полициски службеници на ОВР Кочани во близина на Медицински центар во Кочани, при извршен преглед кај четири лица, сите од Кочани, од кои еден малолетник, пронајдена е марихуана. Тие се приведени и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.07.2021 во 13.50 часот од страна на полициски службеници на пункт кај наплатната станица „Отовица" е лишен од слобода М.Ж.(36) од Скопје. Лицето се барало по распишана централна потерница, за доиздржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор-Куманово. Околу 15.00 часот М.Ж. бил спроведен и предаден во затворот.

На 16.07.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош од Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа било пријавено дека невинност штитениК Р.М.(14), за кого претходниот ден било пријавено дека се оддалечил, се вратил во установата.

На 16.07.2021 во СВР Охрид лишен е од слобода З.И.(46) од с.Г.Крушја, ресенско, во врска со претходно добиена лажна дојава за поставена експлозивна направа во фабрика на патот Охрид – Битола. Известен е Јавен обвинител и по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.07.2021 во 05.00 часот на влез во државата, во близина на Граничен премин Богородица, во товарно возило „мерседес", со српски регистарски ознаки, управувано од Н.В. од Р.Србија, откриени се пет лица мигранти и тоа по едно од Сирија, Пакистан и Египет и двајца од Авганистан. По пресмеки мерки и активности било констатирано дека тие претходно влегле во товарниот дел од возилото, без да бидат забележани од возачот. Лицата се предадени на РЦ Југ за понатамошна постапка.

На 16.07.2021 во 16.08 часот во СВР Битола било пријавено дека во Клиничка болница Битола за укажување на лекарска помош бил донесен со телесни повреди А.М.(41) од Швајцарија, со престој во Крушево, кој паднал со параглајдер на место викано „Рибник", во атар на с.Новоселани, прилепско.

На 17.07.2021 во 03.40 часот Б.С.(29) од Струмица пријавил дека околу 03.30 часот, пред угостителски објект во Струмица, бил физички нападнат од А.М. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.07.2021 во 22.15 часот било пријавено дека во Градски парк, пред угостителски објект, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу седум малолетници на возраст од 16 и 17 години, сите од Скопје. Со них, во присуство на нивните родители, бил извршен разговор во полициска станица и сочинети се записници за констатиран прекршок по чл. 11 ст.3 од ЗПЈПРМ.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Р.Ш.(31) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 15.01.2021 од полициски службеници од ОВР Струга, при извршен претрес во дом и други простории кај пријавениот, била пронајдена и одземена марихуана.

На 16.07.2021 во 20.30 часот Е.Н.(42) од Скопје пријавила дека околу 16.10 часот во населбата Козле била физички нападната од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.07.2021 во 18.30 часот К.Ј.(43) од с.Сарај, скопско, пријавил дека на 15.07.2021 околу 20.20 часот во с.Долна Матка бил физички нападнат од К.Н. од с.Глувово и уште две лица. Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ш.М.(33) и Д.Т.(28) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". При прегледот од страна на полициски службеници на Ш.М. била пронајдена и одземена марихуана, а од пресмеките мерки било утврдено дека тој ја набавил дрогата на 16.06.2020 од С.Н. и заедно со Х.Ј. опишле во станот на Д.Т..

На 16.07.2021 во 23.25 часот било пријавено дека во Демир Хисар, на летна тераса од угостителски објект, по кратка вербална расправија, Д.Н.(22) и Д.Н.(22), двајцата од с.Белче, демирхисарско и Д.Д.(22) од с.Слепче, демирхисарско, физички го нападнале Б.С.(26) од Демир Хисар, употребувајќи и тврди предмети. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.12 од ЗПЈПРМ.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против М.Ц.(31) од Нов Дојран, управител во правно лице од Гевгелија и против правно лице од Гевгелија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". М.Ц., и второпријаденото правно лице од Гевгелија, иако биле должни да постапуваат согласно мерките за спречување на внесување и ширење на вирус ковид – 19 и да го ограничат бројот на гости согласно мерката предвидена во одлука и протокол за отварање и работа на угостителски објекти, при извршена контрола на 30.01.2021 во 20.15 часот од полициски службеници при ОВР Гевгелија било констатирано дека угостителскиот објект не ги почитува наведените мерки.

На 16.07.2021 околу 18.00 часот во СВР Штип било пријавено дека во Итна медицинска помош Кочани биле донесени Ж.И.(43), Б.Ѓ.(25) и двајца малолетници, сите од Струмица. Според пријавеното, додека се превезувале во патничко возило „пунто", со струмички регистарски ознаки, на магистралниот пат А-3 помеѓу с.Облешево и с.Чифлик, возилото било зафатено од пожар кој претходно настанал во близина на патот. Од страна на лекар кај едниот малолетник се констатирани повреди. Пожарот е изгаснат, а увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кочани.

На 16.07.2021 во 22.00 часот С.З.(45) од с.Босиново пријавил дека во с.Босиново, Н.Г. физички го нападнал Б.Г., потоа со тврд предмет ја оштетил влезната врата од околната продавница и го нападнал С.З. и вработениот во продавницата, кој сакал да ги раздвои. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.П.(45) од с.Лесковец, охридско и правно лице од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" и „злоупотреба на службена положба и овластување". На 24/25.04.2021 во Охрид во правното лице од Охрид, пријавениот во својство на сопственик и управител на второпријаденото правно лице организирал настан-музичка работилница, каде присуствувале околу 20 лица музичари и гости, без да носат заштитни маски и без соодветно растојание во затворен простор, а по завршувањето на настанот пропојаденото, во име на правното лице, со намера да им овозможи нематеријална корист, односно движење за време на забрана за движење на јавен простор на лица кои не се вработени во правното лице, ги прикажал истите како вработени.

На 16.07.2021 во 20.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на подрачјето на Кисела Вода, едно лице со закана кон вработената и одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2021 во 16.10 часот во СВР Тетово, И.М.(63) од с.Палатица, тетовско, пријавил дека во соба на неговата куќа во с.Палатица пронашол залутан зрно, при што била оштетена ролетна. Повредени лица нема. Увид на местото извршиле полициски службеници од Полициско одделение Грутчин, а зрното е подигнато за понатамошна постапка.

СВР Битола поднесе две кривични пријави против две лица: И.И.(57) од с.Алдинци, крушевско и Д.М.(26) од Битола, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените во периодот од 20.05. до 29.05.2021, без посебна причина, се движеле без дозвола за движење, за време забрана за движење на возила и лица поради прогласена пандемија на ковид-19.

На 16.07.2021 во 18.00 часот во СВР Скопје, Д.Т.(88) од Скопје пријавил дека во неговиот стан на подрачјето на Аеродром, едно лице физички го нападнало и му одзело пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2021 во 06,30 часот во СВР Струмица Л.М.(30) од с.Баница пријавила дека од нејзиниот дом од Гевгелија се оддалечила нејзината ќерка К.М.(14), за која се сомнева дека е со Д.Н. од с.Сарај, со кого била во љубовна врска. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет